ПРОИЗВОДИ ОД СЛЕДНАТА ГЕНЕРАЦИЈА

# МЕЃУНАРОДЕН СТАНДАРД ЗА МАРКЕТИНГ*

*СЕ ПРИМЕНУВА И НА ПОВРЗАНИ ПРОИЗВОДИ И ДОДАТОЦИ



IMPERIAL BRANDS

# НАШ МЕЃУНАРОДЕН СТАНДАРД ЗА МАРКЕТИНГ ЗА ПРОИЗВОДИ ОД СЛЕДНАТА ГЕНЕРАЦИЈА


**3** Предговор

**4** Наша посветеност

**5** Дефиниции

**7** Само за возрасни

**10** Одговорност и почит

**11** Транспарентност




# IMPERIAL BRANDS PLC
# МЕЃУНАРОДЕН СТАНДАРД ЗА МАРКЕТИНГ
## ПРОИЗВОДИ ОД СЛЕДНАТА ГЕНЕРАЦИЈА

**IMPERIAL BRANDS PLC** има одговорност кон нашите Возрасни потрошувачи што се одразува во квалитетот и безбедноста на нашите Производи од следната генерација, и во начинот на кој комуницираме со Возрасните преку нашите маркетинг активности.

**Ние веруваме во:**

- потенцијалот за намалување на штетноста од тутунот со Производите од следната генерација;
- посветеноста кон одговорен маркетинг на нашите Производи од следната генерација;
- алтернативите на Согорливите тутунски производи како што се Производите од следната генерација особено кои можат да дадат значителен придонес кон намалувањето на штетата од тутун.

**Ние обезбедуваме јасни и точни информации за нашите Производи и особено за Производите од следната генерација и нивните поврзани ризици за да им овозможиме на Возрасните потрошувачи да носат информирани одлуки.**

**Ние сме посветени** да вршиме маркетинг, рекламирање и продажба на нашите Производи одговорно и во согласност со локалните закони, кодексите на пракса и доброволните договори со кои се уредува рекламирањето и промовирањето на нашите Производи (**Законски барања**).

Ние се водиме според Стандардот за маркетинг на Производите од следната генерација во нашите активности за рекламирање, промоција и маркетинг и во соодветната продажба на нашите Производи и Стандардот се применува на сите наши активности наменети за Возрасните потрошувачи.

**Ние целосно ги поддржуваме** ограничувањата за спречување пристап на Младите и минималната возраст за законска продажба или купување на Производите од следната генерација и Поврзаните производи.

**Ние веруваме** дека нашите Производи треба да се продаваат и да се користат само од Возрасни потрошувачи и ние комуницираме со Возрасните за нашите Производи на одговорен начин.

Овој Меѓународен стандард за маркетинг не важи за какви било Производи што се лиценцирани од какво било медицинско надлежно тело ниту за нашите Согорливи тутунски производи што се покриени со Меѓународниот стандард за маркетинг на Согорливи тутунски производи и додатоци.

Сите Компании на Групацијата, сите вработени и сите што работат во наше име (вклучувајќи ги сите агенции за рекламирање, промоција, истражување, како и сите други организации ангажирани во маркетинг за потрошувачите на нашите Производи) со добра волја ќе го усвојат овој Меѓународен стандард за маркетинг на Производите од следната генерација.

Овој Меѓународен стандард за маркетинг на Производите од следната генерација е одобрен и промовиран од Извршниот одбор на Imperial Brands Plc на 24 ноември 2020 година.

# НАША ПОСВЕТЕНОСТ

## САМО ЗА ВОЗРАСНИ

**Ние:**

- ги насочуваме нашите промотивни/ рекламни материјали и активности за брендови на Производите само кон Возрасни.

## ОДГОВОРНОСТ И ПОЧИТ

**Ние:**

- го насочуваме маркетингот на нашите Производи на Возрасни потрошувачи.

**Ние веруваме:**

- дека на Возрасните потрошувачи треба да се понуди широк опсег посебно на Производите од следната генерација за да се задоволат нивните вкусови;
- во потенцијалот за намалување на штетата од тутунот на Производите од следната генерација и се обврзуваме да вршиме одговорен маркетинг на нашите Производи; и
- во почитување на изборот на поединецот и нема да ги поттикнуваме лицата кои не се Возрасни потрошувачи да ги користат нашите Производи.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Ние обезбедуваме:**

- јасни и точни информации за нашите Производи и особено за Производите од следната генерација, како и за нивните поврзани ризици за да им овозможиме на Возрасните потрошувачи да носат информирани одлуки.

# ДЕФИНИЦИИ

## ПРИБОР

Предмети што се користат за консумација на Производи од следната генерација и поврзани производи, на пример, уреди за е-пареа или загревање тутун.

## ВОЗРАСЕН

Лице на возраст од 18 или повеќе години, освен ако не е утврдена повисока минимална возраст за законска продажба, набавка, поседување или консумација на Производите од следната генерација и поврзаните производи со локален закон или доброволен договор. Ако е утврдена повисока минимална возраст, терминот „возрасен“ значи лице најмалку на утврдената минимална возраст.

## ВОЗРАСЕН ПОТРОШУВАЧ

Возрасен потрошувач на Согорливи тутунски производи и/или Производи покриени со овој Меѓународен стандард за маркетинг.

## РЕКЛАМИРАЊЕ

Сите рекламни/промотивни материјали, активности и настани за Потрошувачите, во врска со нашите Производи. За да се одбегне сомнеж, следните се исклучени од оваа дефиниција:

- комуникации помеѓу Компаниите на Групацијата и релевантниот промет (трговски комуникации);
- слики на производи, брендови, пакување или рекламирање (а) во корпоративните комуникации (како што се Годишни извештаи и Годишни сметки) и/или (б) за цели од историски интерес;
- корпоративните веб-страници на Компаниите на нашата Групација наменети за пренесување на информации за компанијата наместо за промовирање на Производите;
- содржина генерирана од корисниците, вклучувајќи текст, пораки, социјални медиуми, и видеоснимки кои се независно креирани од онлајн корисник, каде што таквата содржина е поставена на интернет-страница што е надвор од наша контрола или контрола на Компаниите на нашата Групација;
- пакување на Производот.

## МЕХАНИЗАМ ЗА ПОТВРДА НА ВОЗРАСТ

Секој механизам за потврда со кој се потврдува дека определен потрошувач е Возрасен, а кога таква потврда не е можна поради технолошки ограничувања, вклучување на соодветна изјава како услов за потврда дека се работи за Возрасен.

## ПРОЦЕС ЗА ПОТВРДА НА ВОЗРАСНО ЛИЦЕ

Секој процес за онлајн набавка на Производи од следната генерација и поврзани производи со кој се потврдува дека потрошувачот е Возрасен потрошувач.

## ПОВРЗАНИ ПРОИЗВОДИ

Производи што не согоруваат и се

(a) Производи без тутун или никотин и кои содржат производи под исти бренд имиња како и Производи од следната генерација, Традиционални несогорливи тутунски производи; или Согорливи тутунски производи;

(b) Производи без тутун или никотин и кои не се опфатени со (a) кои се наменети/имаат целна група на Возрасни потрошувачи; и

(c) Традиционални несогорливи тутунски производи.

## СОГОРЛИВИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Тутунски производи коишто целосно или делумно се состојат од растението тутун и може да се консумираат со процес што вклучува согорување.

# ДЕФИНИЦИИ (продолжува)

## ДЕМОГРАФСКИ ИНФОРМАЦИИ

Демографските информации што ги добиваме од нашите претставници од организатори/сопственици на настани кои покажуваат најмалку (а) 75 % од планираната публика на настанот се Возрасни или, во случај да не се достапни такви информации, (б) 75 % од присутните на претходната изведба на настанот се Возрасни.

## КОМПАНИЈА/КОМПАНИИ НА ГРУПАЦИЈАТА

Компании во кои Imperial Brands Plc има контролен удел, на пример, каде Imperial Brands Plc има повеќе од 50 % од (а) акциите и/или (б) правата на глас.

## ЗАКОНСКИ БАРАЊА

Локални закони, локални/национални кодекси на пракса и/или доброволни договори со кои се уредуваат нашите Производи покриени со овој Меѓународен стандард за маркетинг.

## НИКОТИНСКИ ПРОИЗВОДИ

Производи кои содржат никотин (без оглед дали добиен од тутун или синтетички никотин).

## ПРОИЗВОДИ ОД СЛЕДНАТА ГЕНЕРАЦИЈА

a) Никотински производи; и
b) Тутунски производи со потенцијално намалена штета.

## ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕНЦИЈАЛНО НАМАЛЕНА ШТЕТА

Производи кои:

a) целосно или делумно се состојат од растението тутун и може да се консумираат со процес што вклучува согорување;
b) имаат потенцијал да ги намалат болестите поврзани со пушење; и
c) првпат се пласирани на пазарот по 2014 година.

## ПРОИЗВОДИ

a) Производи од следната генерација;
b) Поврзани производи, и
c) Прибор

## ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ

Различни настани и активности организирани од или во име на Компанија на Групацијата кои се креирани конкретно со цел да се подигне свеста за Производ од следната генерација или поврзан производ помеѓу Возрасните потрошувачи, и кои не би се одржале без поддршката на Компаниите на Групацијата.

## СПОНЗОРСТВО

Настан, активност или тим на кои Компаниите на Групацијата даваат поддршка со цел да се подигне свеста за определен Производ од следната генерација или поврзан производ помеѓу Возрасните потрошувачи, но и без која поддршка настанот, активноста или тимот сепак би постоеле или би се одржале.

## ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Производи кои што може да се консумираат и се состојат целосно или делумно од делови од растението тутун.

## ТРАДИЦИОНАЛНИ НЕСОГОРЛИВИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Тутунски производи како што се шведски тутун во прав, тутун за шмркање или тутун за џвакање, првпат пласирани на пазарот пред 2014 година.

## ПРОИЗВОДИ СО ИСПАРУВАЊЕ

a) Уред како што е електронска цигара (или е-цигара) што се користи за вдишување пареа.
b) Течност што содржи или не содржи никотин, која е наменета за испарување со производ во рамките од делот (а) од оваа дефиниција (вклучувајќи секој предмет што содржи таква течност).

## МЛАДИ

Сите што не се Возрасни.

# САМО ЗА ВОЗРАСНИ

**Ние:**

- ги насочуваме нашите промотивни / рекламни материјали и активности за брендови на Производите само кон Возрасни.

Ние веруваме дека рекламните и промотивните маркетинг активности за нашите Производи треба да се насочени и да привлекуваат само Возрасни. Ние целосно ги поддржуваме напорите да се спречи пристапот и иницијацијата на Младите до нашите Производи.

Ние поддржуваме ефективно законодавство и регулативи за спречување пристап на Младите за набавка и употреба на Производите од следната генерација и поврзаните производи.

Нашиот Стандард за маркетинг на Производи од следната генерација ги вклучува практиките за маркетинг кои се одраз на нашиот јасен фокус на маркетинг за Возрасни.

**Особено, сакаме да осигуриме дека:**

1. Нема да ги насочиме маркетинг активностите на нашите Производи кон Младите;
2. Ние ќе ги насочиме нашите маркетинг активности за Производите само кон Возрасните;
3. Ние нема да обезбедуваме Производи од следната генерација и поврзани производи со вкусови кои ги привлекуваат примарно Младите (на пример, со печива, кондиторски или слични на имиња/амбалажи на бонбони);
4. Ние ќе ја дизајнираме амбалажата на нашите Производи на начин што содржината нема да ги привлекува Младите.
5. Нема да насочиме маркетинг активности на нашите Производи на начин:
   - што содржи или прикажува вистински или измислени ликови кои веројатно посебно би ги привлекле Младите (на пример, ликови од цртани филмови);
   - што прикажува луѓе кои ги користат нашите Производи како се однесуваат како адолесценти или инфантилно.

## РЕКЛАМИ

Нашите рекламни, промотивни и маркетинг активности ќе бидат насочени кон гледачи или учесници кои, според нашите сознанија, се Возрасни. Таквите рекламни, промотивни и маркетинг активности нема да користат слики или атрибути кои се примарно привлечни на Младите.

Секое лице кое користи еден од нашите Производи или игра значителна улога во нашето рекламирање мора да биде и да изгледа како на возраст од најмалку **дваесет и пет** (25) години и нема претерано да ги гламуризира нашите Производи или да го гламуризира пушењето.

## РЕКЛАМИРАЊЕ ВО ПЕЧАТ

Ние ќе објавуваме реклами за брендови на нашите Производи во печатени медиуми само кога имаме задоволителен доказ (како што е утврдено со објективни Демографски информации) дека најмалку 75 % од читателите се Возрасни.

## НАДВОРЕШНО РЕКЛАМИРАЊЕ

Ние нема да ставаме никакви реклами за брендови на нашите Производи на надворешен знак или билборди што се поблиску од 100 метри од главен влез во училиште. Ова не вклучува надворешни знаци на продажни места или места за образование на Возрасни.

## РЕКЛАМИРАЊЕ НА РАДИО, ТЕЛЕВИЗИЈА И ВО КИНО

**Каде е дозволено рекламирање на нашите Производи:**

- на радио и телевизија, но таквите реклами ќе се емитираат за брендирани Производи само во периоди кога програмата е наменета за Возрасни (за да се сведе на минимум изложувањето на младите); и
- во кино салите, ние ќе рекламираме брендирани Производи само кога рекламите се прикажуваат со филмови за кои публиката најверојатно главно се состои од Возрасни.

## РЕКЛАМИРАЊЕ ВО ФОРМА НА ВИДЕО НА БАРАЊЕ

**Ние нема да поставуваме реклами за брендови на Производи:**

- на играчки конзоли или каков било друг сличен медиум (освен ако не се преземени задоволителни мерки да се обезбеди дека таквиот предмет е наменет само за Возрасни);
- во програми нарачани за, главно насочени кон, или кои веројатно најмногу апелираат на Младите.

## ДИГИТАЛНО РЕКЛАМИРАЊЕ

| | |
|---|---|
| **Интернет-страници** (управувани од или во име на Компанија на Групацијата) | **Ние ќе поставуваме реклами за брендови на Производи на интернет-страници:**<br>• ако пристапот до интернет-страницата и целата содржина што може да се преземе се ограничени на Возрасни; и<br>• ако се поставени Механизми за потврда на возрасни лица пред пристап до страницата. |
| **Интернет / дигитални реклами** | **Ние ќе поставуваме реклами за брендови на Производи кога:**<br>• имаме задоволителен доказ (како што е утврдено со објективни Демографски информации) дека најмалку 75 % од читателите се Возрасни. |
| **Апликации за мобилни смартфони** | **Ние ќе обезбедиме дека сите технологии што им овозможуваат на корисниците да пристапат до интернет-страници со реклами за брендови на Производите преку „кратенки“ со употреба на смартфони:**<br>• ќе бидат достапни за корисници кои се возрасни и каде што поставен е Механизам за потврда на возраст пред пристапување до страницата. |
| **Социјални медиуми** | **Ние извршуваме активности на социјални медиуми само:**<br>• на одговорен начин;<br>• во согласност со нашиот Кодекс на однесување;<br>• кога нашите активности се дозволени според локалните Законски барања;<br>• кога ние сме јасно идентификувани (вклучувајќи ги сите агенции за рекламирање, промоција, истражување, како и сите други организации ангажирани во маркетинг и продажба на нашите Производи кои постапуваат во наше име); и<br>• со инфлуенсери на социјалните медиуми кога 75 % од следбениците на инфлуенсерот на социјалните медиуми се или веројатно се Возрасни |

## ПРОМОВИРАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК

- Ние ќе назначуваме само лица (вклучувајќи бренд амбасадори, инфлуенсери, модели или познати личности) за промовирање на нашите Производи ако имаат и јасно се познава дека имаат **(дваесет и пет) 25** години или повеќе.
- Ние ќе назначуваме само претставници каде што најмалку 75 % од нивните следбеници/публиката се Возрасни (како што е утврдено со објективни Демографски информации).

## ОНЛАЈН ПРОДАЖБА

Ние ќе ја ограничиме онлајн продажбата на Производите на Возрасни кои го завршиле Процесот за потврда на возраста како што е потребно.

## СОПСТВЕНИ БРЕНДИРАНИ ПРОДАВНИЦИ

Ние нема да формираме никакви малопродажни објекти под сопствен бренд до малопродажни објекти наменети главно за потреби на Младите, како што се продавници за играчки или продавници што продаваат облека или опрема за бебиња и деца.

## СПРЕЧУВАЊЕ НА ПРИСТАП НА МЛАДИ

Ние ќе ги поттикнуваме малопродажните места со кои имаме договори за промоција, да:

- истакнат знаци за ограничување на продажбата на Возрасни; и
- да проверуваат легитимација на сите кои изгледаат како да не се Возрасни и кои се обидуваат да купат еден од нашите Производи.

## ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ

Ние ќе обезбедиме дека промотивните подароци, и нашите Промотивни настани и активности за брендирани Производи ќе се дизајнираат да привлекуваат Возрасни.
**Дополнително, ние:**

- го ограничуваме пристапот до Промотивните настани и активности за Производите само на Возрасни;
- ги насочуваме Промотивните настани и активности за брендирани Производи само кон Возрасни со потврдена возраст;
- користиме само (било директно или индиректно) вработени кои учествуваат во Промотивните настани и активности за брендирани Производи (вклучувајќи пробување каде што е законски дозволено) и кои се на возраст и јасно е дека се на возраст од **21 (дваесет и една)** година или повеќе;
- продаваме или даваме бесплатни промотивни предмети со брендирани имиња или логоа на Производите само на Возрасни потрошувачи. Промотивната облека со брендирани Производи ќе биде достапна само во големини за Возрасни; и
- ги насочуваме промотивните понуди за брендови на Производите само кон Возрасни потрошувачи. Во случаи кога определена понуда дозволува Возрасен потрошувач да биде придружуван од друго лице на настан или активност, лицата кои го придружуваат Возрасниот потрошувач и самите мора да бидат Возрасни.

## СПОНЗОРСТВО

Ние ќе вршиме Спонзорски активности на Производите само кога **имаме задоволителни докази дека:**

- сите натпреварувачи, членови на тимовите и активните учесници се Возрасни;
- таквиот настан или активност е наменет за Возрасни и најмалку 75 % од планираната публика се Возрасни (како што е утврдено со објективни Демографски информации).

## ПРОБУВАЊЕ

Кога пробувањето е законски дозволено, ќе го насочиме пробувањето на Производите само на Возрасни потрошувачи на Согорливи тутунски производи и/или Производи од следната генерација и поврзани производи кои дале експлицитна и информирана согласност да ги примат таквите бесплатни мостри.

# ОДГОВОРНОСТ И ПОЧИТ

**Ние:**

- го насочуваме маркетингот на нашите Производи на Возрасни потрошувачи.

**Ние веруваме:**

- дека на Возрасните потрошувачи треба да се понуди широк опсег посебно на Производите од следната генерација за да се задоволат нивните вкусови;
- во потенцијалот за намалување на штетноста на тутунот со Производите од следната генерација и се обврзуваме да вршиме одговорен маркетинг на нашите Производи; и
- во почитување на изборот на поединецот и нема да ги поттикнуваме лицата кои не се Возрасни потрошувачи да ги користат нашите Производи.

## ОДГОВОРНОСТ

**Ние веруваме во и посветени сме на:**

- обезбедување на ефектни алтернативи на Согорливи тутунски производи и потенцијалната значителна придобивка за јавното здравје ако пушачите се префрлат на нашите Производи, особено Производите од следната генерација.
- понуда на портфолио на Производи, особено Производи од следната генерација, кои ги задоволуваат вкусовите на Возрасните потрошувачи.

**Особено, ние:**

- ќе ги насочиме нашите маркетинг активности кон Возрасните потрошувачи; и
- ќе прикажуваме и промовираме слики од користење на нашите Производи во безбедна и соодветна средина.

## ПОЧИТ

Ние ја славиме разновидноста во светот во кој живееме и работиме, последователно во нашиот маркетинг никогаш не вршиме дискриминација, ниту толерираме дискриминација од нашите партнери.

**Особено, ние:**

- ги почитуваме општо прифатените современи стандарди на добар вкус и покажуваме чувствителност кон локалните култури и ставови;
- не прикажуваме ниту поттикнуваме врски со нелегални, антисоцијални или насилни однесувања; и
- никогаш не го претставуваме изборот на поединец да ги користи нашите Производи на понижувачки или омаловажувачки начин, не исмеваме таков избор и не имплицираме дека таквиот избор е погрешен или смешен.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Ние обезбедуваме:**

- јасни и точни информации за нашите Производи и особено за Производите од следната генерација, како и за нивните поврзани ризици за да им овозможиме на Возрасните потрошувачи да носат информирани одлуки.

**Ние:**

- веруваме особено во потенцијалот за намалување на штетноста од тутунот со Производите од следната генерација.

**Ние:**

- експлицитно или имплицитно ќе даваме изјави за квалитетот, перформансите или функционалните карактеристики на нашите Производи а особено Производите од следната генерација во нашите рекламни, промотивни и маркетинг активности само кога таквите изјави може да се поддржат од цврсти научни докази и техничко и истражување на потрошувачите, како што е соодветно.
- Сите реклами за производи што содржат никотин јасно ќе укажуваат дека содржат никотин.

**Ние нема:**

- да ги прикажуваме и опишуваме нашите Производи на некоректен и неискрен начин што погрешно ќе ги наведува нашите Возрасни потрошувачи;

## ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕДУПРЕДУВАЊА

**Производи од следната генерација и поврзани производи**

Ние ќе обезбедиме дека сите релевантни пакувања на нашите Производи од следната генерација и поврзани производи ќе содржат јасно видливи и соодветни здравствени предупредувања како што наложуваат законските обврски. За земјите каде што не се утврдени никакви Законски барања за здравствените предупредувања, ќе се користат соодветни и најчесто користени здравствени предупредувања и/или информации.

**Прибор**

Освен ако е поинаку утврдено со Законските барања на земјата, ние не поставуваме здравствени предупредувања на релевантните пакувања на Производите од следната генерација и поврзаните производи затоа што:

- Производите од следната генерација и поврзаните производи веќе имаат здравствени предупредувања и/или соодветни информации; и
- дополнителни здравствени предупредувања на пакувањата на Приборот нема да му обезбедат на Возрасниот потрошувач никакви дополнителни информации.

Регистрирана канцеларија:
Imperial Brands PLC
121 Winterstoke Road
Bristol BS3 2LL
Обединето Кралство

www.imperialbrandsplc.com



IMPERIAL
BRANDS